РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2274/2
10-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Пријавата под број 12-2274/1 од 24.06.2026 година со наводи за сомневање за незаконско вршење на дејност игри на среќа (казино/автомат клуб) во деловен простор во станбена зграда на ул. „-----" бр.1 во ------, без претходно издадена согласност од надлежен орган, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2274/1 од 24.06.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата, на ден 24.06.2026 година, поднесена е пријава од група станари сопственици на станови и посебни делови од станбена зграда на ул. ------ бр.1, ------, со наводи за сомневање за незаконско вршење на дејност игри на среќа во деловен простор во приземјето на станбената зграда на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

посочената адреса, спротивно на урбанистичката намена на просторот и без издадена согласност од надлежен орган, и оформен е предмет број 12-2274/1.
Во пријавата се наведува дека во просторот на посочената адреса се преземаат градежни активности во насока на опремување и оспособување на просторот за вршење на дејност на игри на среќа, што не е во согласност со урбанистичката намена, како и дека постои решение за прекин на градежни активности.

Кон пријавата се приложени документи издадени од други надлежни органи, од Општина ------- (Арх.бр. ------ од 20.01.2026 година) и Министерството за финансии (Арх.бр. -------), каде се наведува дека просторот на овој правен субјект се наоѓа во зона со намена домување во станбени згради, дека дејноста казино (Б3.4) не е компатибилна ниту комплементарна со основната намена на објектот, поради што не е дозволено казино да биде дел од таа станбена зграда, и дека за деловната просторија на ул. „-------" бр.1 во ------- не е издадена согласност за приредување на игри на среќа во автомат клуб. Понатаму, се наведува дека во Централниот регистар на Република Северна Македонија, на ден 12.06.2026 година, е донесено Решение за регистрирање на работно време на трговското друштво ------ ДОО експорт-импорт Скопје, со подружница – Автомат клуб -------- на наведената адреса.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување во пријавениот случај, а за наводите изнесени во пријавата надлежна е Управата за јавни приходи, согласно член 25 став 1 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.148/2026), според кој Управата за јавни приходи го утврдува исполнувањето на просторните и техничко-технолошките услови и поставеноста на опремата за приредување на игрите на среќа и на забавните игри во деловните простории од страна на приредувачите на игрите на среќа и на забавните игри, па оттаму одлучи пријавата да ја достави на надлежно постапување на Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија.
Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,
Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија